Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ 2024–2026 ГОДИНА

август, 2023 година, Скопје

Почитувани,

Македонската држава како систем на институции развива различни функции за остварување на точно определени национално оправдани и потребни цели, за чие ефикасно остварување потребно е постојано и суштинско залагање за зајакнување на секоја институција, нејзиниот интегритет и професионализам, со цел заштита и на достоинството и на угледот на државата и нејзините граѓани.

Времето во кое живееме од секој од нас очекува зголемен ангажман кон реформирање од внатре, притоа придонесувајќи кон вредносно издигнување на нашата свест, организираност и почит.

Живееме во мултикултурно, мултиетничко и мултиконфесионално општество, кое пулсира во различности. Во јавниот простор се судруваат различни ставови, определби, мислења, постапки. Можеби една од најсензитивните различности при таква секојдневна интеракција, која ја прикажуваме како судир, е верската определба. Во сите истражувања на јавното мислење огромен процент, над 90% од вкупното население на државата се изјаснува како религиозно. Ова е индикативна бројка која од нас очекува голема сериозност и внимателност при третирањето на верската сфера.




Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи како самостоен орган на државна управа надлежен за прашањата од верската сфера во државата, заштита на начелото на секуларност на државата, унапредување на верските слободи и права и меѓуконфесионалната соработка, како и за односите на црквите, верските заедници и религиозни групи со државата, останува посветен во остварувањето на своите стратешки приоритети и цели.

*Со овој стратешки план за периодот од 2024 година до 2026 година, убеден сум дека Комисијата со сите свои капацитети ќе даде значаен придонес во уредувањето на една од најважните сфери во општественото живеење, како и во унапредувањето на постоечките состојби. Ќе иницираме и посветено ќе работиме на реализација на широка лепеза на активности кои се втемелени во стратешкиот приоритет и приоритетните цели.*

*Со почит,*

*м-р Даријан Сотировски,*
*директор на КОВЗРГ*

### 1.1.1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи е среднорочен план на активности за периодот **2024-2026** година кои претставуваат основа за дефинирање и реализација на општите и конкретни цели на Комисијата, во согласност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за **2024** година (Сл. весник на РСМ бр. 103/2023 од 18. 05. 2023 г.). Во согласност со интегралниот систем на планирање и буџетирање, овој Стратешки план е придружен документ на буџетската пресметка на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за **2024** година. Во Стратешкиот план на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за **2024-2025** година се содржани целите и задачите на организациските единици и на Комисијата во целина, активностите за остварување на тие цели, како и ефектите и резултатите од истите.

Преку реализирање на активностите од Стратешкиот план, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи треба да одговори на обврските што произлегуваат од нејзините надлежности утврдени со Законот за организација и работа на органите на државната управа, Програмата на Владата на Република Северна Македонија и Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група („Сл. весник на Република Македонија“ бр.113/07).

## 1.2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ВО РАМКИТЕ НА НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи е флексибилно организирана и лесно прилагодлива кон исполнување на барањата од корисниците на услуги. Корисници на услугите на КОВЗРГ се регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи, здруженија на граѓани и фондации, граѓански верски одбори во државата и дијаспората, органите на државната управа, домашни и странски владини и невладини организации, дипломатско-кон-

зуларни претставништва на Република Северна Македонија во странство и странски дипломатско-конзуларни претставништва во Република Северна Македонија и сите кои имаат потреба од одредена услуга од КОВЗРГ.

### 1.2.1 АНАЛИЗА НА ВНАТРЕШНАТА СОСТОЈБА, НАДВОРЕШНОТО ОПКРУЖУВАЊЕ, УТВРДУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛНИТЕ МОЖНОСТИ И ЗАКАНИ НА ОРГАНОТ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА (SWOT АНАЛИЗА)

Анализата на надворешното и внатрешното опкружување на Комисијата, како и утврдувањето на нејзините потенцијални можности и закани, ја даваат следнава SWOT анализа:

| ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ) | СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
|---|---|
| - Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи изминатите три години го има подобрено нивото на внатрешна организираност и нивото на професионално постапување, во клучните сегменти има ред и пропишани постапки, кои овозможуваат квалитет во работниот процес.<br>- Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи е еден од најстарите државни органи на Република Северна Македонија. Од 1951 година, па до денес, постои како самостоен државен орган, надлежен да се грижи за правната положба на верските заедници и религиозните групи и за односите меѓу државата, верските заедници и религиозните групи;<br>- Во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи работи стручен и | - Недостаток од финансиски средства кои треба да ги задоволат потребите на институцијата за редовно работење и реализација на нејзините активности;<br>- Недостаток на вработени лица од соодветна струка и со соодветни познавања од областа и изразено чуство на аналитичност и креативност;<br>- Недоделени средства за реализација на Стратегијата за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири 2022-2026 година |

| | |
|---|---|
| мотивиран кадар, меѓу кој има и административни службеници кои имаат повеќедецениски стаж во институцијата. Вработените преку континуирана обука имаат стекнато дополнителни потребни знаења и вештини од областа на управувањето во државната служба, административното работење, еднаквоста и недискриминацијата на верска основа, Е-влада, управување со проектен циклус и др.;<br>- Комисијата воспостави и ги зајакна меѓународните односи и врски со соодветни хомологни институции и релевантни организации;<br>- Комисијата ја подготви и ќе ја реализира првата национална Стратегија за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири 2022-2026 г. | |
| <u>**МОЖНОСТИ**</u><br>- Можност за дополнување на Законот за правна положба на цркви, верски заедници и религиозни групи во делот на ингеренциите на Комисијата;<br>- Можност од вклучување на Комисијата како орган кој е најдиректно инвловиран во верските прашања и односите со верските заедници во глобалниот тренд на сузбивање на тероризмот и радикализмот на верска основа, кој претставува закана за светскиот мир и безбедност. Во светот сè повеќе се зголемува интересот за верските прашања од страна на медиумите, граѓаните, невладините организации и други | <u>**ОПАСНОСТИ (ЗАКАНИ)**</u><br><br>- Намалувањето на буџетските средства и неприфаќањето на предлог-активностите на Комисијата го ограничуваат нејзиното делување, а со тоа и одржувањето на позитивни и хармонизирани меѓуверски односи. |

| | |
|---|---|
| субјекти за спречување на оваа негативна појава, што дава можност за проактивна улога на овој орган.<br>- Можност од усвојување програма за поддршка на проекти од локално значење на верските заедници од страна на Вадата на Република Северна Македонија;<br>- Зголемување на Буџетот на Комисијата заради реализација на нови проекти;<br>- Целосна реализација на Стратегијата за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири 2022- 2026 г. | |

## 1.2.2 ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА

Во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи се спроведе функционалната анализа со цел да се идентификуваат можностите за подобрување од организациски и функционален аспект на делување, како и подобрување на исполнување на целите и задачите на институцијата. Функционалната анализа даде реална и целосна слика за подготвеноста на институцијата на краток и среден рок, да ги спроведе неопходните подобрувања за подобро вршење на нејзините основни функции. Резултатите од Функционалната анализа даваат осврт на ефикасноста и ефективноста на извршувањето на работите и работните задачи во рамки внатрешната поставеност, дистрибуција на расположливи ресурси (кадровски простории, ИТ, технички и др.) од кои најзначаен е човечкиот капитал. Главна цел е да се постави рамка на сите понатамошни процеси на развој на капацитетите и на управувањето.

**Генерални наоди:**

Комисијата има потреба од вработување на соодветен квалификуван работен кадар во согласност со новите акти и правилници донесени и одобрени во 2023 година.

Комисијата има потреба од поголем буџет преку кој ќе може да го зголеми бројот на реализирани проекти со внатрешен или меѓународен карактер.

Комисијата има потрреба од дополнителен буџет кој би се користел за поддршка на проекти од значење за функционирањето на верските субјекти, меѓуконфесионалната соработка, промоција на верскиот туризам и афирмација на верските вредности во согласност со Акцискиот план на веќе донесената владина Стратегија за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири.

Комисијата има потреба од измени во Законот за правна положба на црква, верска заедница и религиозна група поради зголемување на надлежностите, по примерот на државите во регионот и државите од ЕУ. Изминатиот период е иницирани процес за законски измени.

Во однос на вработените потребен е дополнителен кадар со специфични стручни вештини и лични квалитети, кој би можел да даде придонес во забрзување на динамиката на работа и ефективноста, како и придонес во современите предизвици како глобална соработка, меѓународни фондови и проекти.

## 1.2.3 ОЦЕНКА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА И АКТИВНОСТИТЕ ЗА 2023 ГОДИНА

**Програма: Ново поглавје во развојот на нашето мултиконфесионално општество**

***Во рамките на оваа програма заклучно со август 2023 година целосно се реализирани следните активности:***

- Публикација „Молебен канон за светите браќа Кирил и Методиј“ во чест на јубилејот 55 години од востанувањето на традиционалната манифестација „Македонија во чест на свети Кирил“;
- Публикување на прогласот на папата за заштита на животната средина на македонски јазик;
- Одбележување на 24 мај денот на Св. Кирил и Методиј во Рим, со манифестацијата „Македонија во чест на Св. Кирил“;

- Се формираше „Групата на пријателство“ помеѓу МПЦ-ОА и ИВЗ;
- Билатерална соработка со сродните институции од регионот (Се остварија средби и работни посети на сродните институции во Р. Унгарија и Р. Србија);

***Во рамките на оваа програма заклучно со август 2023 година започната е реализацијата на следната активност:***

- Публикација посветена на Еврејската заедница во Република Македонија;
- Публикација „Најрепрезентативните исламски споменици“;
- Лидерски средби;
- Одбележување на јубилејот: 80 години од создавањето на Верско поверенство;
- Публикација – збирка трудови и сведоштва „Зборовите на Архиепископот Михаил“;
- Доделување на годишно признание „Вељо Манчевски“.

Во рамки на редовното работење покрај наведените реализирани проекти преземен е голем број на активности, теренски посети, учества и постојани контакти со кои се придонесува за остварување на функциите на институцијата и стратешките документи.

***Во рамките на оваа програма заклучно со август 2022 година не се реализирани следните активности:***

- Истражување на јавното мислење за важни прашања од верска природа кај различни возрасни групи;
- Манифестација „Недела за заедничка молитва“;
- Трибина на актуелна тема;
- Научна конференција „Религиските слободи и права и ради-кализмот – современи предизвици“;
- Манифестација и културна програма „Тетовската шарена џамија“.

*Планиран резултат на ниво на програма:*

Публикации се од особена важност за едуцирање на пошироката јавност. Првата публикација со наслов „Славејќи ги светите браќа Кирил и Методиј“ ќе допринесе за дополнително запознавањето на пошироката јавност со делото на светите браќа Кирил и Методиј, кое и оваа година не беше заборавено од македонската државно-црковна делегација, која им одаде чест на нивното рамноапостолско дело. Втората публикација насловена „Слава Тебе“ (Енциклика за грижата за заедничкиот дом“) чиј автор е папата Франциск е особено актуелна заради честите еколошки и климатски промени во светот. Двете публикации го збогатуваат македонскиот национален библиотечен фонд со литература од специфичен карактер и национално значење.

Формираната „Група на пријателство“ ќе придонесе кон повисок степен на меѓусебно разбирање и почит кон различниот од себе.

Билатералните средби се исклучително важни за воспотавување на нови соработки, согледување и споделување на искуства, како и за промоција на нашиот меѓуверски дијалог и соживот.

*Показател на успешност:*

Број на преземени иницијативи за промоција на културните и верските вредности, унапредување на меѓуверската соработка и надоградување на меѓусебното запознавање на различните вероисповеди присутни во македонското општество.

*Оценка:*

Во рамките на програмата „Ново поглавје во развојот на нашето мултиконфесионално општество“ е реализиран дел од активностите кои беа планирани заклучно со 31.08.2023 година и делумно придонесоа кон реализација на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата на Република С. Македонија и приоритетите и приоритетните цели на КОВЗРГ. Напоменуваме дека одобрениот буџет придонесе дел од планираните активности да не сме во можност да ги реализираме.

## 1.3. МИСИЈА

Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи има цел да се постигне квалитетен, конструктивен и постојан однос помеѓу државата и верските заедници, кој се јавува како потребен и нужен во широк спектар на прашања во рамки на интензивните општествени односи, случувања и процеси.

## 1.4. ВИЗИЈА

Создавање на развиена општествена состојба на партнерски однос помеѓу државата и верските субјекти, гарантирани верски слободи и права, заштитено и почитувано начело на секуларност, висока свесност за придобивките од културниот диверзитет, како и соодветно афирмирање на македонските духовни и историски вредности и посебности.

## 1.5. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Задачите и обврските на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи се утврдени со Законот за организација и работа на органите на државната управа и Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група и тие се во функција на:

- доследно спроведување на Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група и обврските кои произлегуваат од него;
- унапредување и промоција на верскиот соживот;
- унапредување на положбата на верските заедници и религиозни групи во општеството;
- создавање услови за еднаков третман на сите цркви, верски заедници и религиозни групи;
- остварување на правата на црквите, верските заедници и религиозните групи кои произлегуваат од позитивните законски прописи;
- вклучување и поддршка на средношколските и високошколските образовни институции на Македонската православна црква – Охридска архиепископија и Исламската верска заедница во државниот образовен систем на Република Северна Македонија;
- издавање решенија за одобренија за престој на странски мисионери на територијата на Република Северна Македонија;

- давање мислења за донации од јавен интерес кои се наменети за верските заедници и нивните потреби;

- промоција и активен придонес во изградбата на политиката на мирно разрешување на меѓуверски конфликти;

- создавање на клима на дијалог помеѓу црквите, верските заедници и религиозните групи;

- афирмација на верските вредности на Република Северна Македонија;

- промоција на мултиконфесионалниот карактер на Република Северна Македонија како пример за почитување на различните вери и верски соживот;

- достојно оддавање почит на значајни личности и настани од сферата во која работи Комисијата;

- следење на состојбите со доследно почитување на начелото на секуларност на државата;

- следење на остварувањето на верските слободи и права и ангажман за унапредување на состојбите;

- следење на работата на верските заедници и религиозните групи;

- сервисна ориентација кон потребите на верските заедници;

- поддршка на активните манастири во земјата како потенцијални дестинации за развој на верскиот туризам;

- унапредување и поддршка на црковните и други верски општини во дијаспората;

- унапредување на меѓународната соработка со институции кои работат во верската сфера како и КОВЗРГ и други соодветни чинители и реализирање на заеднички проекти.

## 1.6. СПЕЦИФИЧНОСТ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Надлежностите на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи произлегуваат и се регулирани со член 29 од Закон за организација и работа на органите на државната управа, а во врска со Законот за правна положба на црквите, верските заедници и религиозни групи. КОВЗРГ е предвидена како посебен самостоен орган на државнта управа кој има статус на правно лице.

КОВЗРГ во секојдневното работење ги обезбедува сите услуги коишто се поврзани со непречено делувањето на црквите, верските заедници и религиозни групи, нивните односи со Владата и со други органи на државната управа, судските власти, со домашни и странски владини и невладини организации.

Комисијата ја следи работата на 43 правно регистрирани верски субјекти во Република Северна Македонија, од кои Македонската православна црква–Охридска архиепископија, Исламската верска заедница, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница се посебно истакнати во член 19 од Уставот на Република Северна Македонија заради нивното традиционално и долгогодишно постоење на овие простори. Комисијата се грижи за заштита на начелото на секуларизам на државата, унапредување на верските слободи и права и решавање на други прашања од верска сфера во општеството.

## 1.7. СТРУКТУРА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Со Правилникот за систематизација на работните места во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи се утврдува вкупниот број на вработените (административни службеници, помошно – технички лица), распоредот, шифрата, називот и описот на работните места по организациони единици и посебните услови потребни за извршување на работите и на задачите на одделните работни места.

Со Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи раководи Директор, кој е именуван функционер од Владата на Република Северна Македонија. Владата на Република Северна

Македонија именува заменик директор во институцијата во согласност со закон.

Организациони единици во Комисијата, се 2 сектори и 4 одделенија, и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Сектор за прашања на црква, верска заедница и религиозна група и стручна поддршка | |
| | 1.1 | Одделение за теолошка поддршка и прашања на верските субјекти |
| | 1.2 | Одделение за стручна поддршка, организација на настани и меѓународна соработка |
| 2. | Сектор за општи работи, правно и финансиско работење и комуникација | |
| | 2.1 | Одделение за правни и финансиски прашања, човечки ресурси и документација |
| | 2.2 | Одделение за административна и техничка поддршка |



## 1.8. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Врз основа на извршената анализа на состојбата во областа на делувањето на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи и раководејќи се од потребата за обезбедување на конзистентност и усогласеност на стратешките приоритети и приоритетни цели на КОВЗРГ со одлуката на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година, се утврди 1 стратешки приоритет и разви 3 приоритетни цели за периодот 2024-2026 година.

***Стратешки приоритет:***

- Постојана и конструктивна соработка со регистрираните цркви, верски заедници и религиозни групи и државните институции

***Стратешки цели за остварување на стратешкиот приоритет:***

- Промоција на културните и верските вредности во Република Северна Македонија и унапредување на меѓуконфесионалната соработка;
- Обезбедена заштита на начелото на секуларност, унапредени верски слободи и права и меѓународна соработка;
- Зајакната сервисна ориентација кон потребите на верските заедници и остварување на блиска соработка со истите;

## 1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ЗА ПЕРИОДОТ НА 2021 ГОДИНА

При остварувањето на своите задачи и обврски Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи остварува соработка со повеќе органи на државната управа, меѓу кои со Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за наука и образование, Министерството за култура, Министерството за

локална самоуправа, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Царинската управа, како и со други државни органи и институции. Комисијата е целосно посветена на доследното спроведување на Законот за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група и на почитувањето на верската слобода и права на граѓаните на Република Северна Македонија како составен дел од човековите права и слободи. Во текот на 2021 г. КОВЗРГ ги реализираше следните активности:

- Комисијата во периодот од јануари до март спроведе проект истражување на значајни прашања од верската сфера. Резултатите од истражувањето се анализираат и ќе бидат претставени во јавноста;
- Директорот г. Даријан Сотировски во овој период оствари повеќе средби со претставници од дипломатскиот кор, со амбасадорот на Европската унија Н. Е. Дејвид Гир, амбасадорот на Р. Турција Н. Е. Мехмет Секизќок, амбасадорката на Република Романија, Н. Е. Адела Моника Аксинте, со кои беа разменети информации од областа во која работи институцијата, беше разговарано за продлабочување и развивање на соработката и иницијативноста помеѓу државите, како и за размената на искуства и поддршка во различни области, но и за прашања од значење за грѓаните на меѓудржавно ниво;
- На ден 08.03.2021 г. Директорот Сотировски оствари онлајн средба со својот грчки колега г-дин Џорџ Каланѕис, Генералниот секретар за религиски работи при Министерството за образование и религиски работи на Хеленската република. Ова е прва македонско-грчка средба на одговорните државни функционери за религиски работи од двете држави;
- На ден 15.03.2021 г. Директорот Сотировски оствари онлајн средба со Директората на Комитетот за култови на Република Албанија, г-а Лорета Алико, со која досега КОВЗРГ има остварено неколку средби и се планирани заеднички активности кога за тоа ќе постојат услови за реализација;
- На ден 08.04.2021 г. Директорот на КОВЗРГ присуствуваше на средба организирана од претседателот Пендаровски со поглаварите и претставниците на верските заедници, при што беше нагласена важноста на улогата на поглаварите на верските заедници, како во негувањето на соживотот што е важен предуслов за просперитет и напредок на државата, така и на важноста на нивните постапки во време на пандемијата на Ковид-19;
- На ден 08.04.2021 г. директорот на КОВЗРГ Сотировски присуствуваше на средба организирана од претседателот на Владата г. Заев со верските поглавари, каде се рзговараше за важноста на

нивната улога, како во негувањето на соживотот што е важен предуслов за просперитет и напредок на државата, така и на важноста на нивните постапки во време на пандемијата на Ковид-19, посебно за време на големите верски празници Велигден и Рамазан Бајрам;

- На ден 27.05.2021 г. Директорот Сотировски беше дел од државно-црковната делегација на ауденцијата кај Светиот отец папата Франциск, по повод традиционалната манифестација „Македонија во чест на свети Кирил“ во Италија и Ватикан;
- На ден 02.06.2021г. Директорот Сотировски оствари онлајн средба со претседателот на ОМД, г. Методија Колоски;
- На ден 09. 06. 2021 година, директорот на КОВЗРГ оствари средба со Н.Е. Адела Моника Аксинте - Амбасадорка на Р. Романија;
- На 12.08.2021 година Директорот на КОВЗРГ оствари средба со Н.Е. Шеик Мухамед Бин Абдулкарим Ал-Исса, Генерален секретар на Светската муслиманска лига заедно со официјалната делегација на реномираната пан-исламска светска организација во свечената сала на Владата;
- На ден 21. 09. 2021 година, директорот на КОВЗРГ во својот кабинет оствари средба со Н.Е. Наталија Задорожњук - Амбасадорка на Украина;
- На ден 28. 09. 2021 година, на покана на Амбасадорот на НР Кина во нашата земја, Н.Е.Цанг Ѕуо, директорот на КОВЗРГ присуствуваше на пригодната онлајн свеченост по повод 72 годишнината од основањето на Народна Република Кина;
- На ден 03. 10. 2021 година присуствуваше на Светата литургија во Катедралниот храм „Света Софија“ во Охрид по повод празникот Собор на сите македонски светители каде воедно беа одбележани и јубилеите: 70 години од раѓањето и 40 години архиерејско служење во МПЦ-ОА на Митрополитот плаошко-струшки, дебарско-кичевски и Администратор австралиско-сиднејски г. Тимотеј;
- На ден 07. 11. 2021 година во организација на Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи, Македонската православна црква - Охридска архиепископија и планинарскиот клуб „Јелак“ се одржа планинарско-рекреативната акција „Милениумска патека“, којашто годинава по четврти пат се одржува на падините на Сува Гора;
- На ден 08. 11. 2021 година, директорот на КОВЗРГ присуствуваше на Светата литургија во Соборниот храм на Преспанско-пелагониската православна епархија „Свети вмч. Димитриј“ во Битола по повод празникот посветен на светиот великомаченик Димитриј Солунски, како и одбележување на двата големи јубилеја:

75 години од раѓањето и 40 години архиерејско служење во МПЦ-ОА на Митрополитот преспанско-пелагониски и Администратор австралиско-новозеладски г. Петар;

- Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи во месец декември го подготви и испечати специјалното монографско издание „*Историска посета на светиот отец - прво македонско добредојде за папата Франциск*“. Оваа монографија е приготвена да го овековечи еден од најмаркантните и неповторливи настани кои се случиле во нашата држава, посетата на папата Франциск која се реализираше во 2019 година, која по организациските и безбедносните аспекти, како и по културните и верските значења останува една од најголемите посети на странски државник на нашиот главен град;
- На ден 07. 12. 2021 година Директорот КОВЗРГ присуствуваше на Вечерната богослужба во Соборниот храм, а утредента и на Божествената литургија со која беше одбележен црковно-државниот празник „Свети Климент Охридски“;
- Во декември во издание на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи излезе од печат монографијата „*Возобновителот*“ - посветена на Архиепископот охридски и македонски Доситеј, по повод 115 години од неговото раѓање и 40 години од неговото упокојување, како и значајниот државен јубилеј 30 години современа македонска државна сувереност и на 28.12.2021 година КОВЗРГ организираше промоција во Македонската филхармонија;
- На ден 17.12.2021 г. Директорот Сотировски во просториите на КОВЗРГ оствари средба со Поглаварот на МПЦ-ОА, Неговото блаженство, Архиепископот охридски и македонски и на Јустинијана Прва г. г. Стефан;
- На ден 21.12.2021 г. Комисијата ја поднесе во Владина постапка за усвојување првата *Стратегија за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири 2022-2026 година*;
- На 24. 12. 2021 година, Директорот на КОВЗРГ во пресрет на големиот празник Раѓање Христово (Божиќ) присуствуваше на свечената полноќна света Миса, во катедралата „Пресвето Срце Исусово“ во Скопје, која ја предводеше Бискупот скопски и Епарх струмичко-скопски монс. д-р Киро Стојанов во концелебрација со свештеници од Скопска бискупија и Струмичко-скопската епархија;
- КОВЗРГ редовно одржува средби со претставници на државни институции, претставници од локалната самоуправа, претставници од регистрирани верски субјекти, претставници од граѓанскиот

сектор за разрешување на прашања со кои се засегнати верските субјекти и граѓаните и споделување искуства;

- КОВЗРГ започна со подготовка на првата национална Стратегија за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири 2022-2026. Подготовката и реализацијата на стратегијата ќе вклучува повеќе државни институции, локалната самоуправа, граѓанскиот сектор, како и докажани експерти во сферата на туризмот;
- Директорот на КОВЗРГ присуствуваше на координативна средба со поглаварите на верските заедници каде заедно со Министерот за надворешни работи и директорите на Агенцијата за иселеништво и Државниот завод за статистика разговараа за самопописот на дијаспората, кој се одвива електронски;
- КОВЗРГ активно беше вклучена во кампањата за превенција и заштита од КОВИД 19 вирусот и преку средствата за јавно информирање редовно апелираше за поголема лична одговорност, посебно пред големите верски празници, до целата јавност, а посебно до верниците за почитување на мерките при прослава на празниците и со тоа придонесување кон побрзо и побезболно надминување на актуелната пандемија;
- Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи како дел од Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам поднесе извештај за статусот на реализација и информации на активностите за тековната 2021 год. во врска со спроведување на Стратегијата спречување на насилен екстремизам и Стратегијата за борба против тероризам;
- КОВЗРГ спроведе детална анализа на компаративното законодавство кое ја уредува правната положба на верските заедници и дефинираше рамка за подобрување на нашата позитивно правна регулација на областа.
- КОВЗРГ воспоставува постојана комуникација со регистрираните верски субјекти во врска со актуелната здравствена ситуација за доследна примена на мерките за заштита од Корона вирусот;
- КОВЗРГ презема активности во корелација со надлежни институции за заштита на верски објекти и нивна конзервација;
- КОВЗРГ присуствуваше на одбележување на значајни настани, јубилеи;
- КОВЗРГ има реализирано 75 работни средби со претставници на црквите, верските заедници и религиозни групи;
- КОВЗРГ има постапено по 50 барања на верските субјекти кои произлегуваат од односот со институциите;
- КОВЗРГ има реализирано 10 работни состаноци и учества на меѓународен план;

- КОВЗРГ има издадено 121 решенија за одобрение за престој на странски верски лица за вршење на религиозен култ и други манифестации на верата;
- КОВЗРГ има издадени 43 мислења за јавен интерес на донации од правни лица наменети за цркви и верски заедници;

## 1.10. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ ЗА 2022 ГОДИНА

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи како институција задолжена за работите што се однесуваат на правната положба на црквите, верските заедници и религиозни групи, како и за работите поврзани со односите меѓу државата, црквите, верските заедници и религиозните групи, ги реализираше следниве резултати:

- На ден 14.01.2022 година во рамки на својата издавачка дејност, веќе четврта година по ред, Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи подготвува и издава мултиконфесионален календар;
- На ден 21.01.2022 година КОВЗРГ во соработка со Македонската православна црква – Охридска архиепископија го одбележи јубилејот 60 години од упокојувањето на првиот верски референт на Македонија, протојерејот Вељо Т. Манчевски, кој бил учесник на АСНОМ, учесник во НОБ, прв референт на Верското поверенство при Главниот штаб на НОВ и ПОМ, како и долгогодишен истакнат свештеник;
- На ден 21.08.2022 година во организација на Евангелската црква, а под покровителство на КОВЗРГ се одржа хуманитарен настан „Македонија за Африка“ за претставување и испраќање на македонските мисионери во Африка;
- На ден 01.02.2022 година Директорот на КОВЗРГ г-дин Даријан Сотировски присуствуваше на средбата на верските лидери со претседателот на Владата, г-дин Димитар Ковачевски во Владата на Р. С. Македонија;
- На 12.03.2022 година во катедралата „Пресвето Срце Исусово“ во Сараево, БИХ, директорот на КОВЗРГ, г-дин Даријан Сотировски,

присуствуваше на интронизацијата на Врхобосанскиот надбискуп и митрополит, монс. Тома Вукшиќ. На овој свечен момент учество зеде и Скопскиот бискуп и Струмичко – скопски епарх монс. Киро Стојанов.

- На ден 17.03. 2022 година во Скопје во организација на невладината организација Horizon Civitas, а со поддршка на КОВЗРГ се одржа Работилницата за меѓуверски дијалог на која свое учество зедоа повеќе млади членови на црквите, верските заедници и религиозни групи од државата;
- На ден 25.03. 2022 година, Директорот г-дин Даријан Сотировски присуствувавше на свеченото одликување со Ордени за заслуги за Републиката од страна на македонскиот претседател Стево Пендаровски на еминентните и истакнати личности;
- На ден 29.03. 2022 година, Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи г-дин Даријан Сотировски оствари работен состанок со Генералниот директор на OSCE-ODIHR, г-дин Матео Мачини;
- На 34-та седница одржана на 29.03. 2022 година, Владата на Р. С. Македонија ја усвои првата национална Стратегијата за развој на верскиот туризам и поддршка на активните манастири 2022-2026, која како предлог на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи беше пуштена во владина постапка за усвојување од декември 2021 година. Во подготовката на стратегијата беа вклучени повеќе државни институции, локалната самоуправа, граѓанскиот сектор, како и докажани експерти во сферата на туризмот, кои ќе бидат вклучени и во процесот на реализација на истата;
- На покана на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи во Скопје на 12 и 13 април се одржа средба на институциите за религиски работи на Северна Македонија, Србија, Албанија, Црна Гора, Грција и Романија. Агендата беше исполнета со мултилатерални и билатерални средби и разговори со цел нови здружени активности, проекти и комплементарни политики;
- На ден 15.04. 2022 година во Македонскиот народен театар Директорот на КОВЗРГ присуствуваше на промоцијата на документарниот филм „1000 години сведок на светлината", кој е снимен во повод 1000 годишниот јубилеј на Бигорскиот манастир;
- Директорот г-дин Даријан Сотировски на ден 19. 04. 2022 година во Соборниот архиепископски храм „Свети Климент Охридски" присуствуваше на чинот на мироварение, кој по цели 26 години повторно се извршува во МПЦ-ОА;

•На ден 05.05.2022 година Католичката црква во соработка со Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи во Македонската филхармонија одржа промоција на новоиздадените публикации монографијата за доаѓањето на папата Франциск во Скопје - „*Историска посета на светиот отец - прво македонско добредојде за папата Франциск*“ и на зборникот на трудови „*Католичката црква во Македонија низ историјата*“.

•На ден 10.05.2022 година Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи испрати честитки до верниот македонски православен народ и до Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан и сиот свет клир на Македонската Православна Црква - Охридската архиепископија, за одлуката на првопрестолната Вселенска патријаршија со која се признава и прима во канонско единство светата Македонска Православна Црква - Охридска архиепископија;

•На ден 12.05.2022 година, Директорот г. Даријан Сотировски оствари средба со Н.Е. г. Андреа Силвестри - Амбасадор на Италијанската Република;

•На ден 22.05.2022 година Директорот на КОВЗРГ присуствуваше на Божествената архиерејска литургија во манастирот „Свети Јоаким Осоговски“ во Крива Паланка, каде беше извршена канонизацијата на преподобниот Јоаким Крчовски;

•На ден 23.05.2022 година директорот на КОВЗРГ беше дел од Македонската државно-црковна делегација предводена од Претседателот на Владата г-дин Димитар Ковачевски, која беше во посета на Италијанската Република и Светата Столица, по повод манифестацијата „Македонија во чест на Св. Кирил“, каде имаше аудиенција кај Поглаварот на Католичката црква, Неговата светост Папата Франциск;

•На ден 28.05.2022 година Директорот Г-дин Сотировски присуствуваше на отворањето на традиционалната манифестација „Денови на Кирил Пејчиновиќ" во организација на КУД „Кирил Пејчиновиќ" од Теарце;

• На ден 01.06.2022 година Директорот на КОВЗРГ оствари средба со претседателот на Македонско друштво „Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај и генералниот координатор на друштвото за Македонија, Ламбе Шатровски;

•На ден 12. 06. 2022 година директорот г-дин Даријан Сотировски во рамки на својата работна посета на Р. Турција по повод доделувањето на патријаршискиот и синодален акт на Вселенската патријаршија за примање на Охридската Архиепископија во богослужбено и канонско единство со останатите православни

цркви, присуствуваше на Патријаршката и Синодална Света Литургија во Соборниот храм „Св. Георгиј Победоносец“ во седиштето на Вселенската патријаршија во Истанбул, каде што се случи првото сослужение на поглаварот на Охридска Архиепископија, Неговото блаженство Архиепископот Охридски и Македонски и на Јустинијана Прва г. г. Стефан и Неговата Сесветост Архиепископот на Константинопол, Новиот Рим и Вселенски патријарх г. г. Вартоломеј, Патријарх на Вселенската Патријаршија. Следниот ден 13.05.2022 година зеде учество и на литургиското богослужение предводено од Архиепископот охридски и македонски г. г. Стефан во сослужение на викарните епископи г. Климент и г. Партениј во храмот „Пресвета Троица“ во Таксим, Истанбул;

- Од 27 јуни 2022 година Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозните групи г-дин Даријан Сотировски учествуваше на престижниот Меѓународен самит за религиски слободи во Вашингтон, САД кој ги обединува водечките авторитети од светот кои се залагаат за почитување и заштита на неприкосновените религиски слободи и права, за дијалог, соработка и развој. Тој имаше свое обраќање на пленарната сесија на Самитот;
- Директорот на КОВЗРГ, г-дин Даријан Сотировски го прими на прва средба г-дин Гордан Јорданов, директор за Македонија на Обединетата македонска дијаспора (ОМД);
- Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ) во соработка со црквите и верските заедници ја реализираше трибината: „Како да се радуваме во кризни времиња?“ на ден 30. 09. 2022 година во свечената сала на Музејот на македонската борба. На трибината се обратија претставници од црквите и верските заедници: Г-дин Пепо Леви, претседател на Еврејската заедница во Република Македонија (ЕЗРМ); Г. Климент, Епископ хераклејски од Македонската православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ-ОА); Г-дин Ирсал Јакупи, генерален секретар на Исламската верска заедница (ИВЗ); Г-дин Марјан Димов, суперинтендент на Евангелско-методистичката црква (ЕМЦ); Дон Томас Бак, жупник на Католичката црква и д-р Коста Милков од Балкански институт за вера и култура;
- На ден 27.09.2022 г. во Скопје се одржа заедничка хуманитарна акција на црквите и верските заедници во соработка со Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи. Претставници на хуманитарните организации на Македонската православна црква - Охридска архиепископија, Исламската верска заедница, Католичката црква и Евангелската црква заедно со директорот на КОВЗРГ посетија социјално ранливи семејства во Скопскиот регион

и донираа храна, хигиенски средства и топол разговор за утеха и охрабрување на граѓаните кои се соочуваат со предизвиците кои ги наметнуваат актуелните кризи.

•На ден 09.10.2022 г. Директорот на КОВЗРГ, г-дин Даријан Сотировски присуствуваше на одбележувањето на јубилејот 55 години од прогласувањето на автокефалноста на Македонската православна црква-Охридска архиепископија;

•На ден 13.10.2022 г. Директорот на КОВЗРГ г-дин Даријан Сотировски се обрати на трибината во чест на 11 Октомври во организација на Главниот одбор на Сојузот на борци од НОАВМ;

•На ден 16.10.2022 г. Директорот КОВЗРГ, г-дин Даријан Сотировски присуствуваше на чинот на прогласувањето за светител на преподобниот игумен Кирил Пејчиновиќ – Тетоец;

•,Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи во соработка со планинарскиот клуб „Јелак " и МПЦ-ОА, на 30.10.2022 г., по петти пат, веќе традиционално ја организира планинарско-рекреативната акција „Милениумска патека" на падините на Сува Гора;

•На ден 21.11.2022 г. на средбата на Претседателот Пендаровски со монсињор Томо Вукшиќ, митрополит и надбискуп Врхбосански, присуствуваа и Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи. г-дин Даријан Сотировски и Бискупот скопски и Епарх струмичко-скопски, монс. д-р Киро Стојанов;

•На ден 23.11.2022 г. Директорот на КОВЗРГ, г-дин Даријан Сотировски имаше протоколарна средба новоименуваниот Папски нунциј Н.Е. Монс. Лучијано Суриани;

•На ден 24.11.2022 г. Директорот на КОВЗРГ, г-дин Даријан Сотировски одржа работен појадок со деканите на верските факултети, шефови на кабинети и оперативни претставници на цркви и верски заедници, каде беше разгледана рамката за дополнително продлабочување на меѓуверската соработка во текот на следната календарска година;

• На ден 05.12.2022 г. Директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ), г-дин Даријан Сотировски како дел од македонскиот преговарачки тим зеде учество во сесијата, која во рамки на Билатералниот скрининг со Европската унија за Поглавјето 23 - Правосудство и фундаментални права се одржа во седиштето на Европската комисија во Брисел;

